Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 декември 2021 година**

Седницата на Владата што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:10 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси Љупчо Николовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања м-р Никола Димитров и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за доставено Барање број 11-10943/1 од 6.12.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на АД Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, поради неможност за отплата на доспеаните обврски

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-10943/1 од 6.12.2021 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на АД Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, поради неможност за отплата на доспеаните обврски и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на доспеаниот долг на АД Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, кон Министерството за финансии врз основа на член 3 и член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на проектот „Гасификација на Република Македонија-фаза 1-делница Штип-Неготино-Битола и делница Скопје-Тетово-Гостивар“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/15), како и врз основа на Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ, заверен во Министерството за финансии под бр.15-10888/1 од 10.12.2015 година и неговите Амандмани заверени во Министерството за финансии под архивски бр.15-8611/1 од 10.6.2016 година и архивски бр.15-12402/2 од 2.9.2016 година, Договорот за подзаем бр.15-18926/1 од 11.12.2015 година склучен помеѓу Министерството за финансии (како заемодавач), Министерство за транспорт и врски (како координатор на проект) и АД Македонски енергетски ресурси Скопје (како заемопримач-инвеститор) и Анекс бр.1 кон Договорот за подзаем бр.15-17127/1 од 24.11.2016 година, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од 1,5 година (18 месеци), со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1 јули 2023 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација, со состојба на долг на 13 декември 2021 година.

**Точка 2**

По  оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |